ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 15-135/29**

**Дата: 07.10.2011**

**ДО**
**СУДСКИ БУЏЕТСКИ СОВЕТ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Судскиот буџетски совет, сметка на основен буџет за 2010 година.

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за 2008 година на Судски буџетски совет на Република Македонија, издадено е позитивно мислење за вистинито и објективно прикажување на финансиските извештаи и позитивно мислење за усогласеност со закони и прописи.

Со ревизијата на превземените мерки по дадените препораки се констатира дека Судскиот буџетски совет во најголем дел превземал мерки по дадените препораки.

Изразено е позитивно мислење  во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и негативно мислење во однос на усогласеност со законските прописи во финансиските трансакции за 2010 година.

Во делот на обезбедување на потребните човечки реусрси за извршување на активностите на стручната служба на Судскиот буџетски совет констатирани се состојби кои упатуваат дека не е извршено вработување на потребниот број на извршители.

Извршен е пренос на опрема која е добиена во вид на донација и покрај тоа што истата не може да се пренесе на друг субјект а донираната опрема не е воведена/искажана во деловните книги.

Не се превземени потребните активности за развивање на соодветен апликативен софтвер за автоматизирано компјутерско водење на Регистарот на судски службеници и не е воспоставена пракса на изработка на образецот СС-3 (податоци за стручно и професионално усовршување на судски службеник).

Со извршената ревизија констатирани се ризици од нецелосно функционирање на клучните контроли во процесот на набавки и плаќања кои произлегуваат од Годишната програма за инвестирање. Утврдени се неправилности во делот на планирање, извршување и известување за реализацијата на Годишната инвестициона програма.

Претседателот на Судскиот буџетски совет потребно е да превземе активности за надминување на утврдените состојби.

Утврдени се системски слабости во делот на роковите утврдени за процесот на буџетирање со Законот за судскиот буџет и извршено е обелоденување на активностите превземени од страна на Врховниот суд „да одлучува по барање на странките и другите учесници во постапката за повреда на правото на судење во разумен рок“ и исплатените средства по овој основ од Судскиот буџетски совет.

Од страна на претседателот на Судскиот буџетски совет добиени се забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, истите се разгледани од страна на овластениот државен ревизор и не се прифатени, поради тоа што дел од доставените забелешки не претставуваат забелешки; дел претставуваат информирање за причините за утврдените состојби а за дел не се доставени нови докази со кои ќе се оспорат или преиначат утврдените состојби.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи (страна 22 до 23) заедно со ревизија на усогласеност на Судски буџетски совет /сметка на основен буџет за 2010 година кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капиталните средства за 2010 година и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансискиот извештај од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за 2008 година на Судски буџетски совет на Република Македонија, издадено е позитивно мислење за вистинито и објективно прикажување на финансиските извештаи и позитивно мислење за усогласеност со закони и прописи.
Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Судски буџетски совет за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот застапувано од:

- Васил Грчев, претседател на Судски буџетски совет и Судски совет на Република Македонија во период од 02.02.2009 до 02.02.2011 година

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансискиот извештај се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите на Судски буџетски совет/сметка на основен буџет се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата:

На финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

На усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие

стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања докази коишто ги поткрепуваат износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 2.1. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 07.03.2011 до 21.04.2011 година кај Судски буџетски совет/сметка на основен буџет од ревизорски тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходните години - спроведување на препораките.

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на ОДР за 2008 година.
Со ревизијата на превземените мерки по дадените препораки се констатира дека Судскиот буџетски совет во најголем дел превземал мерки по дадените препораки (Прилог II).

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија, одржан на ден 21.06.2011 година.

На ден 05.09.2011 година со писмо бр. 03-207/6 примени се забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 15-135/7 од

14.07.2011 година.

Забелешките се разгледани и е оценето дека истите не содржат значајни елементи за суштинска промена на утврдените состојби во нацрт извештајот, односно дел од доставените забелешки не претставуваат забелешки; дел претставуваат информирање за причините за утврдените состојби а за дел не се доставени нови докази со кои ќе се оспорат или преиначат утврдените состојби.

Текстот на забелешките по нацрт извештајот на ОДР и одговорот на забелешките се дадени во прилог кон Конечниот извештај.

## 4.1. Интерни контроли

4.1.1. При оценка на системот на интерни контроли во процесот на набавки и плаќање во делот на капитални расходи кои произлегуваат од Годишната програма за инвестирање од Буџетот на судска власт, ревизијата констатира ризик од нецелосно функционирање на клучните контроли кои се однесуваат на: утврдување на потребниот обем на средства; изменување и дополнување на програмата во рамки на одобрените средства; разграничување на надлежностите во делот на планирање, извршување и контрола на извршените капитални набавки; координација и меѓусебно известување со проектите кои се однесуваат на подобрување на инфраструктурата во судството а се реализираат преку други органи; потврдување на завршените работи и нивно одобрување за исплата и отсуство на процедури за известување и постапување во случај на утврдени неправилности. Утврдената состојба не е во согласност со Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и Интерниот акт за контроли во извршувањето на судскиот буџет и предизвикува можност не секогаш платените средства да се еквивалент на извршените работи и набавените работи и услуги да се адекватни на потребите.

Кон крајот на известувачкиот период Судскиот буџетски совет донесува Стратешки план за капитални инвестиции во судството со кој покрај другото утврдени се приоритети за капитални инвестиции со што во голема мера ќе се подобри начинот на планирање на капиталните инвестиции.

Стручната служба на Судскиот буџетски совет во текот на 2011 година преземала активности за изготвување на: Процедура за изготвување на Предлог инвестициона програма, Процедура за распределба на средства од категорија 48-Капитални расходи, Процедура за реализација на инвестициона програма и Процедура

за фактура/ситуација за инвестиции кои до денот на известување од извршената ревизија не се усвоени од Судскиот буџетски совет.

**Препорака**
Претседателот на Судскиот буџетски совет и Судскиот совет да пропише политики за разграничување на надлежностите и донесување на погоренаведените процедури и обезбеди нивна имплементација во работењето.

4.2. **Усогласеност со законски прописи**

4.2.1. Стручните и административните работи на Судскиот буџетски совет ги врши Стручната служба на Судскиот буџетски совет која претставува дел од внатрешната организациона единица на Судскиот совет на Република Македонија. Со извршениот увид во Правилникот за внатрешна организација на Стручната служба на Судскиот совет на Република Македонија се констатира дека Стручната служба на Судскиот буџетски совет е составена од два сектора и тоа: Сектор за финансиски прашања на Судскиот буџетски совет и Сектор за правни и општи работи, инвестиции и информатичко – комуникациски технологии а со Правилникот за систематизација на работните места во Стручната служба на Судскиот буџетски совет на Република Македонија се планирани 34 вработени а се потполнети само со 7 лица. Несоодветната кадровска екипираност создава тесни грла во процесот на извршување на стручните и административните работи на Судскиот буџетски совет со посебен осврт на процесот на буџетирање и непречено функционирање на Автоматизираниот буџетски менаџмент систем (АБМС).

**Препорака**
Претседателот на Судскиот буџетски совет да изврши анализа на оптималниот број на потребни вработени, обезбеди согласност од надлежниот орган и изврши вработување на потребните лица.

4.2.2. Со извршената ревизија на процесот на буџетирање (комуникација со единките корисници, известување и обезбедување на влезните информации за утврдување на буџетот на судската власт и финансиските планови за единките корисници), ревизијата утврди состојби кои не се во согласност со одредбите на Законот за судскиот буџет, Законот за буџетите и тоа:

- не се доставени податоци за индикативните трошоци за секој корисник;
- не се презентирани докази за известување на единките корисници за делот на неправилно или несоодветно изработување на буџетските барања;
- не е обезбедно конфирмирање (ревизорски доказ) за извршеното усогласување на буџетското барање со надлежното министерство;
- единките корисници не доставиле потребни информации за очекуваните средства од донации а со тоа не е извршено утврдување на Буџетот од донации за да со измените и дополнувањата на Буџетот на Република Македонија се утврди Буџетот на донации во износ од 554 илјади денари и покрај тоа што нивната вкупна реализација изнесува 3.161 илјади денари;
- не е обезбедена автоматизирана консолидација на буџетските барања во единствено буџетско барање на судската власт користејќи го „АБМС“ системот;

Утврдената состојба влијае на квалитетот на информациите обезбедени во процесот на буџетирање и утврдување на потребните средства на судската власт.

**Препорака**

Раководителот на стручната служба на Судскиот буџетски совет да превземе мерки за надминување на утврдените состојби и обезбеди целосна имплементација на АБМС системот.

4.2.3. Врз основа на Меморандум за разбирање со проектот за модернизација на судството во Македонија и Стручната служба на Судскиот буџетски совет на Република Македонија а со цел да се поддржи работата на Стручната служба на Судскиот буџетски совет се обезбедува автоматизиран буџетски менаџмент систем (“АБМС“) и производи за 32 корисника на судскиот буџет спецификацирани во прилози А, Б и Ц. Врз основа на овој Меморандум за разбирање во текот на 2007 година склучен е договор за пренос на сопственоста во износ од 384.121,85 УСД. На ден 01.10.2007 година Претседателот на Судски буџетски совет донесува Одлука за остапување на дел од наведената опрема на единките корисници на судската власт во Република Македонија што не е во согласност со одредбите на Меморандумот за разбирање. Со извршената ревизија на начинот на евидентирање, одржување, осигурување, поправка и едукација на корисниците на АБМС-от, ревизијата го констатира следното:

- на ревизијата не и се презентирани прилозите А,Б и Ц со што се изврши ограничување на делокругот на ревизијата;
- извршен е пренос на сопственоста на дел од опремата на единките корисници на судската власт;
- не се превземени активности односно на ревизијата не и се презентирани податоци за евидентирање на опремата во деловните книги на стручната служба на Судскиот буџетски совет односно правниот субјект каде што припаѓа стручната служба (Судски совет);
- не се презентирани податоци за превземените активности за одржување на опремата;
- не се превземени активности за вработување на потребен број на лица информатичари кои ќе се грижат за непречено функционирање на АБМС-от;
- не се презентирани податоци за континуирана едукација на вработените корисници на АБМС-от.

Утврдената состојба не е во согласност со Меморандумот за разбирање, договорот за пренос на сопственост, Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и влијае на квалитетот на финансиските извештаи, информациите кои што ги даваат истите и создава ризик од необезбедување на услови за непречено функционирање на АБМС-от и негова целосна имплементација.

**Препорака**

Судскиот буџетски совет да преземе активности за поништување на донесената одлука за отстапување на опремата и ги задолжи лицата за водење на деловните книги во Судскиот совет да извршат евидентирање на наведената опрема во деловните книги со назнака “сопственост на стручна служба на СБС“.

Судскиот буџетски совет и Претседателот на Судскиот буџетски совет во соработка со надлежните органи да превземе активности за обезбедување на потребните средства за нормално одржување на наведената опрема и вработување на потребниот број на службеници од областа на информатичката технологија.

4.2.4. Согласно одредбите на член 78 и 79 од Законот за Судска служба и Правилникот за формата и содржината на обрасците за евидентирање на податоците на судските службеници, како и начинот на нивното користење, Стручната служба на Судскиот

буџетски совет е задолжена да води Регистар на судските службеници, како единствена база на податоци и секоја промена е должна да ја внесе во Регистарот во рок од 15 дена од доставувањето на потребните податоци. Со извршената ревизија се констатира дека:

- не е развиен соодветен апликативен софтвер за автоматизирано компјутерско водење на Регистарот на судските службеници (во постојниот софтвер за автоматизиран буџетски менаџмент систем во делот на модулот за пресметка на плати постојат можности за одредени прегледи за структурата на вработените кој не ги задоволува барањата кои се пропишани со подзаконскиот акт);
- обработката на добиените податоци од надлежните судови (Образец СС-1[1] и Обрзец СС-2[2]) се извршуваат рачно и со помош на дополнителни табели во excel и
- не е воспоставена пракса на изработка на образецот СС-3[3].

Утврдената состојба не е во согласност со погоре наведените акти и влијае на квалитетот на информациите за расположивиот број на судските службеници и професионалната и стручна квалификација на судските службеници и можноста од превземање на конкретни мерки.

**Препорака**

Претседателот на Судскиот буџетски совет да достави известување до надлежните судови за навремено и квалитетно изготвување на Образецот СС-3.

Претседателот на Судскиот буџетски совет во соработка со надлежните органи да превземе активности за обезбедување на потребните средства, изврши набавка на апликативен софтвер за водење на наведениот Регистар и обезбеди негово непречено функционирање.

4.2.5. За распределба на одобрените средства за капитални расходи наменети за надминување на состојбите во делот на опременоста и просторните услови во кои ги извршува активностите судската власт, СБС воспоставил пракса да донесува Годишна програма за инвестирање од буџетот на судската власт. Постапката за

[1] Општи податоци за судски службеник;
[2] Пријава-одјава на судски службеник;
[3] Податоци за стручно и професионално усовршување на судски службеник.

планирање, одобрување и исплата на средствата за капиталните расходи согласно наведената програма се врши од страна на стручната служба на СБС додека спроведувањето на конкретните постапки на договор за јавна набавка се врши од страна на единките корисници на судскиот буџет. Со извршената ревизија на начинот на планирање, донесување, извршување и известување на Годишната програма за инвестирање од буџетот на судската власт, ревизијата ги утврди следните состојби:

**Планирање на Годишната инвестициона програма**

- не се пропишани конкретни насоки за изработка на барањата за инвестирање и соодветен унифициран образец за наведените буџетски барања;
- во рамките на АБМС (Автоматизиран буџетски менаџмент систем) не е предвиден соодветен модул за електронска обработка на буџетските барања за капиталните расходи односно целокупните активности се извршуваат со користење на помошни табели во excel;
- со актот за систематизација на работните места во одделението за инвестиции во рамките на стручната служба на СБС планирани се 5 извршители, а во пракса целокупните активности ги извршува само едно лице;
- за успешно и редовно вршење на работите во делот на Годишната програма за инвестирање од буџетот на судската власт, од страна на СБС формирана е Комисија за капитални инвестиции за чија работа на ревизијата и е презентиран само еден записник од одржана заедничка седница со друга комисија, кој не е потпишан од членовите на комисијата и заведен во деловодникот на СБС;
- со првично утврдените средства на име капитални расходи во разделот Судска власт во Буџетот на РМ за 2010 година се утврдени 54.000 иљјади денари што претставува 3,05 % од вкупниот буџет на судската власт. Со извршените измени и дополнување на Буџетот на РМ за 2010 година, средствата на име капитални расходи намалени се за износ од 29.840 иљјади денари односно извршено е намалување од 55,26% од планираните средства за оваа намена, кое има свое влијание во обезбедување соодветни просторни услови и опременост за извршување на активностите на судската власт;
- дел од единките корисници во рамките на буџетските барања немаат доставено податоци за потребните средства на име капитални расходи, за да по одобрување на Буџетот на судската власт да достават барање за капитални инвестиции до СБС и

истото биде одобрено, кое има влијание во процесот на планирање на потребните средства;

- СБС на ден 28.01.2010 година ја донесува Годишната програма за инвестирање од буџетот на судска власт за 2010 година и во исто време донесува одлука за пренамена на средства од категорија 48-Капитални расходи, ставка 481-Градежни објекти во категорија 42-Стоки и услуги, ставка 425-Договорни услуги во износ од 4.600 илјади денари, за која Министерството за финансии има дадено согласност. Во исто време побарана е согласност за пренамена на износ од 400 илјади денари за Програма 30-Академија за обука на судии и јавни обвинители и добиена е согласност од Министерството за финансии без притоа да биде претходно донесена одлука од СБС. Извршеното намалување на средствата наменети за капитални расходи и зголемување на средствата за договорни услуги влијае и дава информации за процесот на планирање на потребните средства за судската власт;
- од извршениот увид на Записникот од одржаната седница на СБС се констатира дека предложената Годишна програма за инвестирање од буџетот на судска власт за 2010 година се усвојува во целост. Со извршеното споредување на податоците содржани во Предлог Годишната програма за инвестирање од буџетот на судска власт за 2010 година и податоците содржани во Годишната програма за инвестирање од буџетот на судска власт за 2010 година приложена кон Одлуката за усвојување (кои документи - Годишната програма не е потпишана од претседателот на СБС) се констатирани разлики во одредени износи на планирани средства.

**Извршување на Годишната инвестициона програма**

- од вкупно извршените капитални расходи во износ од 23.345 илјади денари извршени се плаќања од 1.717 илјади денари кои се однесуваат на набавки и услуги кои немаат третман на капитални инвестиции;
- на ден 28.01.2010 година СБС донесува одлука за овластување на Претседателот на СБС да врши пренамена на средства во рамки на Годишната програма за инвестирање од буџетот на судската власт, со што врши пренесување на надлежностите од СБС на претседателот на СБС што не е во согласност со член 9 од Законот за судскиот буџет. Утврдената состојба е надмината со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за судскиот буџет (“Службен весник на РМ“ бр.145/2010);

- поради ненавремено известување за реализација на средствата планирани на ставката 483-Купување на мебел, СБС заклучно со месец јуни 2010 година презентира податоци дека реализацијата на наведените средства изнесува 3,69% поради што утврдените средства за оваа намена од Буџетот на Република Македонија за 2010 година се пренаменети за друга намена и покрај тоа што од страна на единките корисници извршени се набавки и до истите се доставени фактури. За надминување на настанатата состојба СБС во текот на месец септември обезбедува одобрување од надлежното министерство за пренамена на средствата;
- воспоставена е пракса на склучување на анекс договор за дополнително утврдени работи без при тоа да се донесе Одлука за јавна набавка со која ќе се образложат причините за спроведување на постапката со преговарање без претходно објавување на оглас;
- извршено е плаќање на средства на ден 09.02.2010 година во износ од 294 илјади денари по сметководствен документ фактура од 23.12.2009 година и покрај тоа што приемот на опремата е извршен на 10.02.2010 година кое упатува дека е извршено авансно плаќање на целокупната набавена опрема;
- склучен е договор за доградба, поправка и уредување на компјутерските локални мрежи во судовите во РМ на износ од 2.644 илјади денари, со кој е планирано активностите да се извршуваат во сите 32 суда во Република Македонија. Од извршениот увид во приложените документи е констатирано дека извршени се работи само кај 7 единки корисници со што е исцрпена целокупната вредност на договорот; за 6 објекти градежната книга е потпишана по издавањето на фактурата за извршените работи а работите се извршени со 3 месеци задоцнување. Не е приложен Записник за технички прием на изведените работи, а извештајот доставен од изведувачот, кој наведува дека работите се извршувале заклучно со 22.10.2010 година, упатува дека работите се извршени со задоцнување од 9 месеци без при тоа да се преземат активности за активирање на банкарската гаранција. На ревизијата не и се презентирани податоци односно информации за причините за неизвршување на активностите;
- спроведена е постапка за јавна набавка за реконструкција на котлара за топловодно греење за Апелационен суд Штип во која еден од критериумите за евалуација на понудите е и рокот на

изведба од 5 дена. Од приложените документи се констатира дека рокот на извршување на работите е 43 дена;

- склучен е договор за јавна набавка на услуги „надградба на регистар на судии" на износ од 320 илјади денари, при што во моментот на склучување на договорот, договорениот износ и износот во планот за јавни набавки не е усогласен односно склучен е договор на повисок износ од износот на планираните и одобрените средства. Средствата за оваа намена се исплатени од ставката „градежни објекти" наместо од ставката „Вложувања и не финансиски средства". Решението за обезбедени средства е донесено по истекот на 4 месеци од датумот на склучување на договорот и
- извршени се набавки на лиценци за „Firewall" во износ од 170 илјади денари чија исплата е извршена од несоодветна ставка „градежни објекти" наместо од ставката „Вложувања и не финансиски средства".

**Известување за реализацијата на Годишната инвестициона програма**

- согласно Интерниот акт за контроли во извршувањето на судскиот буџет, единките корисници на средства од Годишната програма за инвестирање од буџетот на судска власт обврзани се да доставуваат три пати годишно извештаи за текот на спроведувањето на инвестиционите активности (јуни, септември и декември). Не сите единки корисници на средства доставиле извештаи за текот на спроведување на инвестиционите активности и не сите извештаи содржат релавантни показатели за степенот на реализација на инвестициони активности. Не е воспоставена пракса на водење евиденција кои единки корисници не доставиле извештаи и преземање мерки за единките корисници кои не доставиле извештаи.

Погоренаведените состојби не се во согласност со одредбите на Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2010 година, Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, Законот за судскиот буџет, Законот за јавните набавки, Интерниот акт за контроли во извршувањето на судскиот буџет и одредбите од поодделно склучените договори за јавна набавка. Утврдената состојба влијае на законитоста на постапката на планирање и извршување на капиталните расходи и нивното наменско користење.

**Препорака**

Претседателот на СБС да превземе мерки и активности за: надминување на утврдените состојби; изврши изменување и дополнување на интерниот акт за контроли во извршувањето на СБ и истиот го достави на усвојување од страна на СБС; ги информира единките корисници на средства од СБ и Годишната инвестициона програма за правата и обврските кои произлегуваат од истиот и обезбеди целосна имплементација на одредбите од Законот за јавните набавки.

4.2.6. Судскиот буџетски совет донесува Одлука за набавка на услуги од фиксна и мобилна телефонија и интернет пристап за потребите на единките корисници на Судската власт за 2010 година. За носител на набавката е одреден Врховниот суд на Република Македонија. За имплементација на наведената одлука, Врховниот суд пристапува кон склучување на договор за групна јавна набавка со единките корисници поради што Врховниот суд во месец јуни 2010 година донесува Одлука за групна јавна набавка за наведените услуги за период од 24 месеци. Со извршената ревизија на расположивата документација и спроведените постапки и активности од страна на договорниот орган, ревизијата го констатира следното:

- со Одлуката донесена од договорниот орган[4] е утврдено доделување на договор за јавна набавка да е за период од 24 месеци, што не е во согласност со Одлуката донесена од Судскиот буџетски совет, која се однесува за известувачкиот период. Наведената постапка добива третман на доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка за кои не се обезбедени потребните средства што не е во согласност со член 26-а од Законот за јавните набавки;
- по извршената евалуација пристапено е кон склучување на поединечни договори од страна на Врховниот суд и единките корисници на Буџетот на Судската власт без притоа да се пристапи кон склучување на основен договор помеѓу Врховен суд на Република Македонија и најповолниот понудувач што не е во согласност со одредбите на договорот за групна јавна набавка;
- за обврската за потпишување на поединечните договори, Врховниот суд доставува Известување до сите единки корисници без притоа во наведеното известување да бидат содржани конкретни насоки и информации за начинот на склучување на

[4] Врховен суд на Република Македонија

договорите и уредување на меѓусебните права и обврски како и доставување на копија од одлуката за избор на најповолна понуда;

- освен Врховниот суд на Република Македонија до крајот на известувачкиот период на ревизијата не и се презентирани други склучени договори со најповолниот понудувач за наведените услуги што не е во согласност со одредбите на член 165 од Законот за јавните набавки. Со извршената ревизија кај одредени единки корисници на средства од Буџетот на Судската власт се констатира дека е пристапено кон склучување на договор за јавна набавка за наведената услуга во текот на месец февруари/март 2011 година и покрај тоа што Одлуката за избор на најповолна понуда е донесена на ден 30.09. 2010 година;
- Судскиот буџетски совет и Врховниот суд немаат воспоставено начин на комуникација и координација за обезбедување на потребните информации за спроведената постапка за доделување на договор за јавна набавка и степенот на реализација на доделениот договор за јавна набавка.

Погоре наведената состојба предизвикува целокупните активности да се извршат со одредени задоцнувања при што користењето на интернет услугите и фактурирањето на истите да продолжи да се врши по договор и цени кои важеле заклучно со 31.12.2009 година кои се во повисок износ споредени со цените и услугите обезбедени со новиот договор а за истата услуга во 2010 година создадени се обврски во висина од 2.210 илјади денари на терет на Судскиот буџетски совет.

**Препорака**

Претседателот на судскиот буџетски совет да обезбеди: актите кои се донесени од страна на СБС во делот на групните набавки да ги содржат податоците утврдени со законските акти; го обврзе субјектот кој е задолжен за спроведување на јавната набавка навремено да ги известува другите договорни органи и воспостави соодветно ниво на комуникација и координација.

**Информациони системи**

4.2.7. Во рамките на проектот за модернизација на судството во Македонија за потребите на Стручната служба на Судскиот буџетски совет на РМ добиен и имплементиран е софтвер за “Автоматизиран буџетски менаџмент систем (АБМС)“ за сите единки корисници на

Судскиот буџет. Системот е составен од повеќе модули: финансиско работење; буџетско работење; основни средства и пресметка на плата, магацинско и материјално работење и персонална евиденција.

Со извршената ревизија на начинот на користење на наведените модули, ревизијата не обезбеди разумни и достатни ревизорски докази дека сите модули се користат од страна на единките корисници на Судскиот буџет и се врши непречена размена на податоци и информации. Причина за ваквата состојба претставува несоодветната структура на човечки ресурси задолжени за користење на наведениот софтвер и ограничениот број на лица информатичари задолжени за непречено функционирање на софтверот. Утврдената состојба не е во согласност со одредбите на склучениот Меморандум за разбирање и има за ефект неможност од беспрекорно функционирање на наведениот софтвер; рачна обработка на буџетските барања; неможност од автоматизирана консолидација на годишната сметка на судската власт и ризик од грешки и неправилно интерпретирање на податоците.

**Препорака**

Стручната служба на Судскиот буџетски совет да превземе активности за утврдување на степенот на имплементирање / користење на АБМС-от и утврди и предложи мерки до Судскиот буџетски совет за целосна имплементација на наведениот софтвер од страна на сите единки корисници.

Судскиот буџетски совет во соработка со надлежните органи ги детерминира потребните едукации и обезбеди услови за континуирана надградба на наведениот софтвер и едукација на вработените корисници на софтверот.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, финансиските извештаи ги преставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Судски буџетски совет на ден 31 декември 2010 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките од 4.2.2.; 4.2.3.; 4.2.4.; 4.2.5. и 4.2.6., активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Судскиот буџетски совет не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Системски слабости

6.1. Процесот на буџетирање за Судската власт е уреден со одредбите на Законот за буџетите, Законот за Судскиот буџет и Критериуми и методологија за изготвување, утврдување и доставување на судскиот буџет. Со одредбите содржани во глава II од Законот за буџетите, подготовка на буџетите, дел буџетски циркулар е уредено дека: “Врз основа на усвоената фискална стратегија и утврдените максимални износи на одобрени средства, Министерството за финансии најдоцна до 15 јуни, до буџетските корисници на централната власт и фондовите доставува инструкции во форма на Буџетски циркулар заради доставување на барање за изготвување на предлог на буџетот.

Со одредбите на членот 13 и членот 14 од Законот за судскиот буџет е утврдена обврската, Судскиот буџетски совет да изготви циркулар и да го достави до единките корисници а единките корисници најдоцна до 1 јуни во тековната година да ги достават следните податоци:

- процена на трошоците за фискалната година, според трошковни ставки и потставки;
- процена на трошоците за наредните две фискални години по трошковни ставки и потставки;
- преглед на потребните расходи за неопходното вработување за извршување на функциите на корисниците;
- предлози кои ги содржат идните обврски или повеќегодишни трошоци, вклучувајќи ги инвестиционите проекти искажани поединечно и
- трошоците за секоја идна година искажани одделно, како и образложение за висината на износите по позиции.

Основните судови, како единки корисници, најдоцна до 15 мај во тековната година податоците од ставот 1 на овој член ги усогласуваат на ниво на апелационо подрачје.

Со извршеното споредување на одредбите од наведените закони кои го уредуваат процесот на буџетирање и временската рамка за изготвување на буџетските барања, ревизијата констатира дека роковите утврдени со

Законот за судскиот буџет не се усогласени со рокот утврден по Законот за буџетите. Утврдената состојба влијае на квалитетот, точноста и веродостојноста на податоците содржани во буџетските барања изготвени од страна на единките корисници од судскиот буџет поради тоа што основните елементи за изготвување на буџетските барања се содржани во буџетскиот циркулар кој го доставува Министерот за финансии најдоцна до 15 јуни до Судскиот буџетски совет.

Ваквата состојба укажува на потребата од неопходно усогласување на одредбите на Законот за Судскиот буџет со Законот за буџетите во делот на временската рамка за изготвување и доставување на буџетскиот циркулар и буџетските барања.

## 7. Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет

7.1. Согласно член 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ број 35/2008 ) се врши доуредување на надлежноста на Врховниот суд “да одлучува по барање на странките и другите учесници во постапката за повреда на правото на судење во разумен рок, во постапка утврдена со закон пред судовите во Република Македонија во согласност со правилата и принципите утврдени со Европската конвенција за човекови права и основни слободи и поаѓајќи од судската пракса на Европскиот суд за човекови права“.

Врховниот суд на РМ започнува со имплементација на наведената надлежност и носи повеќе Решенија со кои се констатирани повреди од страна на пониските судови за судење во разумен рок и досудува надоместок /правичен надоместок за подносителот на барањето заради повреда на неговото право за судење во разумен рок.

Основа за постапување и разгледување на барањата од незадоволните странки претставува оценка дали барањето ги исполнува потребните критериуми а пред се дали понискиот суд го повредил правото за судење во разумен рок, притоа имајќи ги предвид правилата и принципите утврдени со Европската конвенција за човекови права и основни слободи а особено сложеноста на предметот, однесувањето на странките во постапката и однесувањето на судот кој постапувал.

Висината на надоместокот што се досудува, се определува врз основа на доследна примена на судската пракса на Европскиот суд за човекови права во Стразбур односно утврдување на ориентациона рамка при определување на надоместокот кој не треба да биде во висина помала од 66% од висината на надоместокот кој Европскиот суд за човекови права го досудува за

утврдена повреда на правото на судење во разумен рок во исто времетраење.

На терет на средствата на Судскиот буџетски совет за период 2009, 2010 и заклучно со 30.04.2011 година исплатени се средства во износ од 9.679 илјади денари и неизмирени се обврски по овој основ во износ од 2.517 илјади денари.

Според податоците изнесени од надлежните лица од Врховниот суд на РМ до денот на известување од извршената ревизија, пред Европскиот суд за човекови права во Стразбур моменталниот број на поднесени тужбени барања од РМ е над 600 предмети.

Ревизијата беше информирана дека во тек е изработката на извештај за повреда на правото на судење во разумен рок кој се однесува на целокупното работење по овој основ, за што ревизијата упати барање до претседателот на одделот за судење во разумен рок за обезбедување на еден примерок од наведениот извештај, но за истото не е добиен позитивен одговор.

Ревизијата констатира дека не е воспоставена пракса на евиденција за тоа кои судии и судови ги воделе предметите на кои е досуден правичен надоместок за повреда на правото на судење во разумен рок од едноставна причина што во досегашниот период не е воспоставена законска обврска за водење на таквата евиденција.

Но, започнувајќи од месец ноември 2010 година со измените и дополнувањата на Законот за судовите ("Службен весник на РМ" број 150/2010) се врши доуредување на членот 75 од наведениот закон со кој покрај другите причини за разрешување на судијата за нестручно и несовесно вршење на судиската функција претставува и следното: "ако е донесена одлука од страна на Европскиот суд за човекови права со која е утврдена повреда на правото на правично судење согласно со членот 6 од Европската конвенција за човекови права или е донесена одлука на Врховниот суд на Република Македонија со која е утврдена повреда на правото за судење во разумен рок, како резултат на постапување на судија".

Ова јасно упатува на воспоставување на потребната евиденција и доставување на потребните информации до Судскиот совет за понатамошно постапување, зголемување во ефикасноста на судските постапки, намалување на временската рамка на водење на постапките и заштеда на јавните средства.

Скопје, 05.10.2011 година

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2010 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2010 | 2009 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 32.017 | 55.743 |
| **Вкупно приходи** | **32.017** | **55.743** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 3.738 | 15.657 |
| Субвенции и трансфери | 4.934 | 648 |
| **Вкупно тековни расходи** | **8.672** | **16.305** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 23.345 | 39.438 |
| **Вкупно капитални расходи** | **23.345** | **39.438** |
| **Вкупно расходи** | **32.017** | **55.743** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2010 | 2009 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | - | - |
| Активни временски разграничувања | 843 | 10.256 |
| **Вкупно тековни средства** | **843** | **10.256** |
| **Вкупна актива** | **843** | **10.256** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 843 | - |
| Краткорочни финансиски обврски | - | 10.256 |
| **Вкупно тековни обврски** | **843** | **10.256** |
| **Вкупна пасива** | **843** | **10.256** |

Република Македонија
СУДСКИ БУЏЕТСКИ СОВЕТ
Бр. 03-2071/6
31.08. 2011 година
Скопје

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ
Примено: 05.09.2011
Орг. единица | Број | Прилог | Вредност
15-135/23

**До: Државен завод за ревизија**

**ПРЕДМЕТ:** Забелешки кон Нацрт Извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2010 година на Судски буџетски совет-сметка на основен буџет

Судскиот буџетски совет ги прифаќа препораките од наведениот извештај и во своето работење во ќе ги имплементира истите.
Во врска со доставените нацрт извештаи Судскиот буџетски совет Ве известува дека во врска со изнесените констатации ги доставува следните забелешки:

- во врска препораката од точката 4.2.3, по донесувањето на Одлуката за отстапување на дел од опремата на единките корисници (персонален компјутер и печатар за сметководственото одделение на секоја единка корисник) евиденцијата се води во деловните книги на секоја единка корисник. Со оглед на периодот кој е изминат, опремата нема сметководствена вредност. Во однос на вработување на потребниот број на информатичари кои ќе се грижат за непречно функционирање на АБМС системот, Судскиот буџетски совет со секој предлог буџет доставува барање за пополнување на потребниот број на лица од различни профили, вклучително и информатичари. Особено ова е нагласено во стратешкиот план кој е составен дел на буџетскиот циркулар.

4.2.4 Во врска со наодот дека не е извршена набавка на апликативен софтвер за водење на Регистар на судски службеници, известуваме дека надградбата на системот е направена и постои посебен модул во кој се содржани потебните податоци, но не е започнато со електронско водење на регистарот од причина што лицето задолжено за администрирање на системот подолго време е оправдано отсутен од работното место. Започнувањето на активности од страна на единките корисници за

електронска евиденција без поддршка од стручно лице носи опасност од внесување погрешни податоци, без можност за соодветна корекција.

4.2.5 Во врска со планирањето на Годишната програма за инвестирање во судството, во текот на 2010 година се изработи Стратешки план за капитални инвестиции од судскиот буџет, со дефинирани критериуми и приоритети, извршени анализи и развиени сценарија, согласно кој план ќе се планираат инвестиционите зафати во следните буџетски години.
Одлуката за пренамена на средства од категорија 48-капитални инвестиции на ставка 425-Договорни услуги во износ од 4.600.000 денари е донесена поради веќе направените обврски на ставката 425, за што со предлог буџетот на судската власт за 2010 година беше доставено соодветно барање.
Во врска со констатацијата дека Годишната програма не е потпишана од страна на Претседателот на судскиот буџетко совет во прилог Ви доставуваме копија од заверена и потпишана Годишна програма.

Во врска со Извршувањето на Годишната програма за инвестирање известуваме за следното:

- околу констатацијата дека дел од средствата за капитални инвестиции не се однесуваат на набавка на стоки и услуги кои имаат третман на капитални инвестиции, Судскиот буџетски совет во иднина ќе настојува за посоодветно класифицирање на расходите, и покрај тоа што ваквиот начин н акласификација е задржан од причина што во претходно извршените ревизии не беа изнесени забелешки од овој аспект, па СБС сметаше дека класифицирњето е соодветно на расходите.

- судскиот буџетски совет има доставено до Министерството за финансии барање за пренамена на средства на ставка 483-Купување на мебел, за да се обезбеди мебел за доградениот кат од зградата на ОС Гостивар, каде по формирањето е сместен Апелациониот суд Гостивар. Иако првично МФ даде согласност за пренамена на средствата, со ребаланс на буџетот беше извршено намалување на средствбата на оваа ставка.
- Околу набавката на оперма во износ од 294.000 денари известуваме дека се работи за сервер за потребите на АБМС системот и дека истиот физички беше доставен претходно, согласно договорот, но самата инсталација е завршена на 10.02.2010 година, од причина што во меѓувреме од страна на Министерствот за правда преку Проектот за правна и правосудна имплементација се изврши набавка на сервер за потребите на АКМИС системот, па имаше потреба од координирање на двете активности заради реорганизирање на компјутерската инфраструктура.
- Постапката која се однесува на реконструкција за котларата за топловодно греење за АС Штип, изборот за изведувач на работите е фирмата која понудила најниска цена, односно, критериумот за рок на изведба не е пресуден за извршениот избор на изведувач. Исто така, согласно

документацијата што ја доставуваме во копија евидентно е дека изведувачот ги завршил работите во предвидениот рок од 5 дена, со тоа што во меѓувреме изведувачот доставил допис дека има проблем околу испораката на котелот. Согласно записникот за констатирање на завршени работи, активностите се започнати на ден 21.07.2010, а се завршени на ден 25.07.2010 година.

- Во врска со јавната набавка ‘надградба на регистар на судии‘ доставуваме копија од документацијата согласно која со Решение од 21.04.2010 година се обезбедени средства за оваа намена во износ од 300.000 денари, за потоа по барање на Судскиот совет, на ден 06.07.2010 година дадена е согласност за дополнителни 21.000 денари, за што дополнително е донесена Измена на решение. Договорот за јавната набавка е склучен по добивањето на согласноста од страна на СБС, за што доставуваме копија од документацијата.

Судскиот буџетски совет во целост ја прифаќа препораката за превземање на мерки и активности во насока на надминување на постапката за извршување на Инвестиционата прогрма. Напоменуваме дека постапките за јавни набавки, по одобрените решенија единките корисници на судската власт самостојно ги реализираат, а само плаќањето се врши од страна на Судскиот буџетски совет. Доколку постојат недоследности во спроведувањето на постапките, СБС не е во можност дополнително да интервенира, па затоа во иднина ќе се разгледаат други модули за реализација на капиталните инвестиции.

4.2.6 Судскиот буџетски совет донесе одлука за набавка на услуги од фиксната и мобилната телефонија и интернет пристап со цел заштеда на средства, имајќи ги предвид поволностите и заштедите кои се реализираа со претходната групна набавка за мобилна телефонија. Воедно, на седницата на која се донесе одлуката, беше констатирано Врховниот суд да направи проценка дали е економски поисплатливо да постапката да се однесува на две години, со оглед на тоа што подготовката на набавката е сложена од причина што се работи за 35 субјекти кои треба да го преотстапат правото на спроведување на постапка, како и со оглед на тоа што во рамките на судската власт не постои одделение или друг облик на организација што ќе ги спроведува групните набавки, туку се користат расположливите кадри, на кои овие активности им се дополнително оптеретување вон редовните работни задачи. Непостоењето стручни лица за спроведување на целата постапка влијаеше на одолговлекување на постапката, но набавката на Интернет услуги за сите судови и истурените одделенија на судовите на Република Македонија, Судски совет на Република Македонија и Академија за судии и јавни обвинители извршена е централизирано да се добие унифициран Интернет Сервис Провајдер, унифициран квалитет и стабилност на интернет линкот, како и поволна цена имајќи ја во предвид количината на бараните интернет линкови. Исто така тоа беше претпоставка за конфигурирање на VPN мрежата (Virtual Private

Network) преку интернет конекциите, што од економски аспект е најисплатливо.

Министерство за правда на Република Македонија имаше склучен договор со времетраење од една година со сервис провајдерот Македонски Телеком за интерконекциско (WAN) поврзување на сите судови, обвинителства и затвори на Република Македонија кој истекуваше во Март 2011 година.

До истекот на претплатениот приод не се створија услови за обезбедување на надворешен финансиер на веќе воспоставената инфраструктура, па се пристапи кон конфигурирање на VPN (Virtual Private Network) мрежа за да се овозможи меѓусебно поврзување на сите единки корисници на судската власт. Повторно напоменуваме дека ваквото решение беше економски најоправдано, а унифицираниот квалитет и стабилност на интернет линковите беа најзначајниот предуслов за негова реализација.

Судскиот буџетски совет во целост ги прифаќа препораките на ревизијата, и во иднина ќе ги спроведе истите.

4.2.7 Беспрекорното функционирање на АБМС системот зависи од многу фактори од кои секако најзначајни се обезбедување соодветна обука на корисниците, одржување и администрирање на системот, како и обезбедување на потребен кадар. Сметаме дека согласно расположливите ресурси системот функционира во максимални граници, и секако СБС ќе настојува да обезбеди услови за целосна имплементација на АБМС софтверот.

7. Во врска со наодите во точка 7,1 известуваме заследното:

Погрешно е сваќањето дека висината на поединечните надоместоци кои за утврдена повреда на правото на судење во разумен рок во вид на правичен паричен надоместок ги досудува Врховниот суд на РМ, треба да се помали од 66 % од тие кои за исто време траење на постапката ги досудува ЕСЧП во Старзбур. Имено, при посетата на овластениот Државен ревизор во ВС на РМ му беше појаснето дека во Одлука ЕСЧП во случајот Шурбановска против РМ , се констатира дека досудениот правичен надоместок од ВС на РМ, значи дека странката го изгубила статусот на жртва и се смета дека досудениот износ од 240.000,00 денари соодвествува на утврдената повреда на правото на судење во разумен рок, што би го дусдил и ЕСЧП, па поради тоа неможе понатаму Шурбановска да бара остварување на права пред ЕСЧП, и се укажува дека висината на надоместоците кои ги досудува ВС на РМ имајќи ја во вид социјално - економската состојба на РМ, неможе да изнесуава помалку од 66 % од востановената пракса на ЕСЧП, која за ВС на РМ преставува единствен извор на правото и обврска да се почитува.

2. Извештајот кој е изготвен од ВС на РМ за постапувањето на судот по правното средство заштита на правото на судење во разумен рок, заклучно со 15. 3. 20011 година е проследен до ЕСЧП , Комитеот на министри и Министрстсвото за правда. Не е точно дека, таков извештај е побаран од Државниот ревизор, ниту пак постои било каква обврска за ВС на РМ или за Судскиот совет за тие податоци, кои се покомлексни од тоа за што зборува извештајот на Државниот ревизор, тие да се доствуваат и до тој орган.

3. Не постои законска обврска за Врховниот суд за водење на евиденција на судовите и судиите и, од каде потекнуваат случаите за кои е досуден надоместок за повреда на правото на судење во разумен рок. Испитувањето на времето на судењето зависи од три критиериуми, однесување на судот, однесување на странката и сложеност на предметот, без кои неможе да се утврди и разграничи дали во одреден судски предмет има постапување во неразумен рок. Во случај кога ќе се утврди дека судија во постапувањето по одреден предмет го повредил правото на судење во разумен рок, ќе се применуваат одредбите од Измените и дополнувањата на Законот за судски совет и Измените и дополнувања на Законот за судови.

4.Сите досегашни извештаи кои ВС на РМ ги доставил до ЕСЧП и Комитеотот на министри, се оценети позитивно и дека ВС на РМ добро и доследно ја применува праксата на ЕСЧП , а со тоа и дека правилно ги применува одредбите на ЕКЧП и Законот за судовите во делот кој се однесува на ова правно средство. Токму досегашниот начин на постапување на ВС на РМ има за последица, драстично да се намалат надоместоците кои РМ поединечно ги има исплатено во случаиите за утврдена повреда на правото на судење во разумен рок, директно од ЕСЧ

Со почит,

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА
СУДСКИ БУЏЕТСКИ СОВЕТ**

**Александра Зафироска**

**Прилог**

**Одговор**

**на забелешките по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор**

Претседателот на Судскиот буџетски совет на ден 05.09.2011 година достави забелешки број 03-207/6 од 31.08.2011 година заведени во Државниот завод за ревизија под број 15-135/23 по доставениот Нацрт извештај за извршената ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2010 година заведен под број 15-135/7.

Овластениот државен ревизор ги разгледа забелешките по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор и по истите се произнесе како што следува:

1. Упатените забелешки на **точката 4.2.3.** кои се однесуваат на утврдената состојба во делот на извршениот пренос на сопственост на дел од опремата во корист на единките корисници на судската власт и непреземање на активности за вработување на потребниот број на лица информатичари **не се прифаќа.** Раководителот на субјектот со доставените забелешки само ја елаборира и потврдува утврдената состојба од страна на ревизијата без притоа да достави дополнителни докази со кои ќе ја оспори или преиначи утврдената состојба.

2. Упатените забелешки на **точката 4.2.4.** кои се однесуваат на утврдената состојба за отсуство на соодветен апликативен софтвер за автоматизирано компјутерско водење на регистарот на судските службеници **не се прифаќа**. Доставените забелешки и информации од раководителот на субјектот се однесуваат за утврдената состојба за која што и ревизијата известува "во постојниот софтвер за автоматизиран буџетски менаџмент систем во делот на модулот за пресметка на плати постојат можности за одредени прегледи за структурата на вработените кои не ги задоволуваат барањата кои се пропишани со подзаконскиот акт" без притоа да достави дополнителни докази со кои ќе се преиначи или оспори утврдената состојба. Во исто време раководителот на субјектот ги наведува причините за неводење на регистарот на судски службеници и тоа "не е започнато со електронско водење на регистарот од причина што лицето задолжено за администрирање на системот подолго време е оправдано отсутно од работното место" и дека "започнувањето на активности од страна на единките корисници за електронска евиденција без поддршка од стручно лице носи опасност од внесување погрешни податоци, без можност за соодветна корекција".

3. Упатените забелешки на **точката 4.2.5**. кои се однесуваат на утврдените состојби во постапката за планирање, одобрување и исплата на средства за капиталните расходи од Годишната Програма за инвестирање од буџетот на

судската власт во делот на „Планирање на годишната инвестициона програма“ и „Извршување на Годишната инвестициона програма“ **__не се прифаќаат__**, поради следното:

**Планирање на Годишната инвестициона програма**

- за делот од утврдените состојби во **точка 4.2.5. став 2 алинеја 1** каде ревизијата известува дека не се пропишани конкретни насоки за изработка на барањата за инвестирање и соодветен унифициран образец за наведените буџетски барања, раководителот на субјектот известува дека “во текот на 2010 година се изработи Стратешки план за капитални инвестиции со дефинирани критериуми и приоритети, извршени анализи и развиени сценарија, согласно кој план ќе се планираат инвестиционите зафати во следните буџетски години“, при што ревизијата оваа состојба не ја оспорува. Раководителот на субјектот во прилог на забелешките не достави дополнителни податоци од кои може да се констатира дека се пропишани конкретни насоки за изработка на барањето за инвестирање и соодветен унифициран образец за наведените буџетски барања;

- за делот од утврдените состојби во **точка 4.2.5. став 2 алинеја 7** каде ревизијата известува дека Судски буџетски совет на ден 28.01.2010 година ја донесува Годишната програма за инвестирање од буџетот на судска власт за 2010 година и во исто време донесува одлука за пренамена на средства од категорија 48-Капитални расходи, ставка 481-Градежни објекти во категорија 42-Стоки и услуги, ставка 425-Договорни услуги во износ од 4.600 илјади денари, за која Министерството за финансии има дадено согласност. Раководителот на субјектот ги елаборира причините за непостапување согласно одредбите на Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2010 година и Законот за судскиот буџет без притоа да достави дополнителни докази со кои ќе ги оспори или измени утврдените состојби од страна на ревизијата;

- за делот од утврдените состојби во **точка 4.2.5. став 2 алинеја 8** каде ревизијата известува дека со извршеното споредување на податоците содржани во предлог Годишната програма за инвестирање од буџетот на судска власт за 2010 година и податоците содржани во Годишната програма за инвестирање од буџетот на судска власт за 2010 година приложена кон Одлуката за усвојување (кои документи/Годишната програма не е потпишана од претседателот на Судскиот буџетски совет), раководителот на субјектот достави копија од Годишна програма за инвестирање од буџетот на судска власт за 2010, раздел 29010, заведена

под број 01-97/8 која е потпишана од претседателот на Судскиот буџетски совет но, не го достави оспорениот документ односно документот кој не е потпишан од претседателот на Судскиот буџетски совет чиј изворен наслов гласи "Годишна програма за инвестирање од буџетот на судска власт за 2010 година, раздел 29010, програма 20, категорија 48";

**Извршување на Годишната инвестициона програма**

- за делот од утврдените состојби во **точка 4.2.5. став 3 алинеја 1** каде ревизијата известува дека од вкупно извршените капитални расходи во износ од 23.345 илјади денари извршени се плаќања од 1.717 илјади денари кои се однесуваат на набавки и услуги кои немаат третман на капитални инвестиции, раководителот на субјектот ги елаборира причините за непостапување согласно одредбите од Законот за судскиот буџет и известува за активности кои ќе настојува да ги реализира во иднина;

- за делот од утврдените состојби во **точка 4.2.5. став 3 алинеја 3** каде ревизијата известува дека поради ненавремено известување за реализација на средствата планирани на ставката 483-Купување на мебел, Судскиот буџетски совет заклучно со месец јуни 2010 година презентира податоци дека реализацијата на наведените средства изнесува 3,69% поради што утврдените средства за оваа намена од Буџетот на Република Македонија за 2010 година се пренаменети за друга намена и покрај тоа што од страна на единките корисници извршени се набавки и до истите се доставени фактури, раководителот на субјектот со доставената забелешка информира за причините за утврдената состојба односно дека иако првично Министерство за финансии дало согласност за пренамена на средствата, со Ребалансот на буџетот било извршено намалување на средствата на оваа ставка;

- за делот од утврдените состојби во **точка 4.2.5. став 3 алинеја 5** каде ревизијата известува дека е извршено плаќање на средства на ден 09.02.2010 година во износ од 294 илјади денари по сметководствен документ фактура од 23.12.2009 година и покрај тоа што приемот на опремата е извршен на 10.02.2010 година кое упатува дека е извршено авансно плаќање на целокупната набавена опрема, раководителот на субјектот со доставената забелешка информира дека наведената опрема била физички доставена претходно но самата инсталација била завршена на 10.02.2010 година. На ревизијата не и е доставен документ приемница изготвена од страна на Судскиот буџетски совет со која може да се потврди погоренаведената информација односно дека опремата физички била претходно присутна во Судскиот буџетски совет.

Утврдените состојби од страна на ревизијата се темелат покрај другите докази и на испратница број 11/К/10 од 10.02.2010 година во која е наведена опремата за која е извршено плаќање во наведениот износ. Во исто време во договорот за јавна набавка бр.07-15/11 од 23.12.2009 година е определено дека стоката се смета за испорачана со достава и инсталација на истата во присуство на стручно лице вработено во договорниот орган, со потпишување на испратница која треба да биде прилог на фактурата, која пак е основа за плаќање;

- за делот од утврдените состојби во точка **4.2.5. став 3 алинеја 7** каде ревизијата известува дека е спроведена постапка за јавна набавка за реконструкција на котлара за топловодно греење за Апелационен суд Штип во која еден од критериумите за евалуација на понудите е и рокот на изведба од 5 дена а од приложените документи се констатира дека рокот на извршување на работите е 43 дена, раководителот на субјектот со доставената забелешка информира за причините за настанатата состојба без притоа да го има во предвид известувањето од изведувачот на работите дека поради неможност на навремена испорака на потребната опрема (котел) работите наместо во предвидениот рок ќе започнат приближно на 22.07.2010 година. Договорот за јавна набавка на стоки и работи, реконструкција на котлара за топловодно греење е составен на ден 10.06.2010 година при што добавувачот имал обврска договорените работи да ги изврши во рок од 5 дена, што во конкретниот случај не е така;

- за делот од утврдените состојби во точка **4.2.5. став 3 алинеја 8** каде ревизијата известува дека е склучен договор за јавна набавка на услуги „надградба на регистар на судии" на износ од 320 илјади денари, при што во моментот на склучување на договорот, договорениот износ и износот во планот за јавни набавки не е усогласен односно склучен е договор на повисок износ од износот на планираните и одобрените средства. Во исто време средствата за оваа намена се исплатени од ставката „градежни објекти" наместо од ставката „вложувања и нефинансиски средства" а Решението за обезбедени средства е донесено по истекот на 4 месеци од датумот на склучување на договорот. Доставените забелешки од страна на раководителот на субјектот ги објаснуваат преземените активности за усогласување на утврдената состојба од страна на ревизијата без притоа да има во предвид дека Решението за измена на решение за обезбедување на финансиски средства за капитални расходи на судовите за 2010 година е донесено на 30.11.2010 година заведено под број 01-1658/2 додека договорот за јавна набавка на наведената услуга е склучен на 20.07.2010 година. Во исто време раководителот на субјектот не достави дополнителни докази со кои ќе се оспори утврдената состојба

дека наведените средства се исплатени од несоодветно утврдена намена/ставка.

4. Упатената забелешка на **точката 4.2.6. став 1** која се однесува на донесената Одлука за набавка на услуги од фиксна и мобилна телефонија и интернет пристап за потребите на единките корисници на Судската власт за 2010 година од страна на Судскиот буџетски совет при што за носител на набавката е одреден Врховниот суд на Република Македонија **не се прифаќа.** Раководителот на субјектот со доставената забелешка дава објаснување на причините за непостапување согласно одредбите на Законот за јавни набавки и воедно информира дека Судскиот буџетски совет во целост ги прифаќа препораките на ревизијата и во иднина ќе ги спроведе истите. Во прилог на забелешките не се доставени дополнителни докази со кои ќе се оспорат или преиначат утврдените состојби од страна на ревизијата.

5. Упатените забелешки на **точката 4.2.7.** кои се однесуваат на добиениот и имплементиран софтвер за "Автоматизиран буџетски менаџмент систем (АБМС) за сите единки корисници на Судскиот буџет **не претставуваат забелешка.** Раководителот на субјектот информира за факторите кои се значајни за беспрекорното функционирање на АБМС системот односно "беспрекорното функционирање на АБМС системот зависи од многу фактори од кои секако најзначајни се обезбедување соодветна обука на корисниците, одржување и администрирање на системот, како и обезбедување на потребен кадар".

6. Упатените забелешки на **точката 7.1.** кои се однесуваат на:

- **став 4** во делот на висината на надоместокот што се досудува за утврдена повреда на правото на судење во разумен рок **не се прифаќа**. Раководителот на субјектот елаборира една Одлука на Европскиот суд за човекови права од каја произлегува висината на надоместоците кои ги досудува Врховниот Суд на Република Македонија имајќи ја предвид социјално-економската состојба на Република Македонија, при што надоместокот не може да изнесува помалку од 66% од воспоставената пракса на Европскиот суд за човекови права која за Врховниот Суд на Република Македонија претставува единствен извор на правото и обврска да се почитува. Даденото појаснување од страна на раководителот на субјектот не претставува дополнителен доказ со кои ќе ја оспори утврдената состојба од страна на ревизијата. Доказ за утврдената состојба од страна на ревизијата претставуваат презентираните Заклучоци донесени од одделот за судење во разумен рок при Врховниот суд на Република Македонија на седницата одржана

на ден 18.10.2010 година на која покрај другото е заклучено "доследна примена на судската пракса на Европскиот суд за човекови права во Стразбур по однос на висината на правичниот надоместок кој се досудува при утврдување на повреда на правото на судење во разумен рок и утврдување на ориентациона рамка при определување на надоместокот, кој не треба да биде во висина помала од 66% од висината на надоместокот кој Европскиот суд за човекови права го досудува за утврдена повреда на правото на судење во разумен рок во исто времетраење";

- **став 7** во делот на обезбедување на еден примерок од извештајот за повреда на правото на судење во разумен рок од страна на Врховниот суд на Република Македонија **<u>не се прифаќа</u>**. Раководителот на субјектот наведува дека извештајот за повреда на правото на судење во разумен рок не бил побаран од страна на државниот ревизор и дава појаснување дека не постои било каква обврска за Врховниот суд на Република Македонија да го доставува истиот до Судскиот совет на Република Македонија. Ревизијата истакнува дека наведената забелешка не ја одразува вистинската состојба поради тоа што ревизијата истакнува дека на одржаниот состанок во просториите на Врховниот суд на Република Македонија, (за што ревизијата има изработено работна белешка) од претседателот на одделот за судење во разумен рок беа побарани по еден примерок од конечниот извештај за повреда на правото на судење во разумен рок кој се проследува до Комитетот на министри на Советот на Европа и табеларниот преглед за висината на надоместување но истите не беа обезбедени. Во исто време ревизијата укажува дека согласно член 25 став 2 од Законот за државната ревизија ("Службен весник на Република Македонија" број 66/10 и 145/10) законскиот застапник на субјектот на ревизија е должен на овластениот државен ревизор и државниот ревизор да му ја стави на располагање и да му обезбеди копии од потребната документација, исправите, извештаите и други евиденции и да му даде други информации неопходни за спроведување на државната ревизија;

- **став 8** во делот на невоспоставената пракса на евиденција за тоа кои судии ги воделе предметите на кои е досуден правичен надоместок за повреда на правото на судење во разумен рок **<u>не се прифаќа</u>**. Раководителот на субјектот во забелешките наведува дека не постои законска обврска за Врховниот суд за водење евиденција на судовите и судиите и од каде потекнуваат случаите за кои е досуден надоместок за повреда на правото на судење во разумен рок. Доставената забелешка од страна на раководителот на субјектот не ги зема во предвид измените и дополнувањата на Законот за судовите ("Службен весник на Република

Македонија“ број 150/2010) со кои се врши доуредување на членот 75 од наведениот закон со кои разрешување на судија за нестручно и несовесно вршење на судиската функција покрај од други причини може да се случи и поради повреда на правото на правично судење во разумен рок како резултат на постапување на судијата. Во исто време ревизијата укажува дека утврдената состојба не е упатена само до Врховниот суд на Република Македонија туку и до Судскиот буџетски совет од каде се врши исплата на средствата за оваа намена;

- наведената забелешка во точка 4 **<u>не претставува забелешка.</u>** Раководителот на субјектот со доставената забелешка информира за тоа дека “сите досегашни извештаи кои Врховниот суд на Република Македонија ги доставил до Европскиот суд за човекови права и Комитетот на министри се оценети позитивно“ притоа напоменувајќи дека “токму досегашниот начин на постапување на Врховниот суд на Република Македонија има за последица драстично да се намалат надоместоците кои Република Македонија поединечно ги има исплатено во случаите за утврдена повреда на правото на судење во разумен рок директно од Европскиот суд за човекови права“.

Скопје, 19.09.2011 година

*Ревизорски тим:* *Овалстен државен ревизор:*